Република Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

Republika e Maqedonisë
AVOKATI I POPULLIT

OMBUDSMAN
Republic of Macedonia

Народниот правобранител како Национален превентивен механизам (НПМ) на **23.09.2014** година спроведе **редовна посета** на Јавната установа Дом за стари лица "Киро Крстески – Платник" во Прилеп. Оваа посета беше реализирана во соработка со Здружението на социјални работници на Град Скопје и Здружението на медицински сестри, акушери и техничари на РМ. Имајќи во предвид дека оваа установа е од отворен тип и во неа корисниците се сместуваат на доброволна основа, фокусот беше ставен на материјалните услови во кои се сместени, соодветната здравствена грижа и социјалната заштита, како предуслови кои се потребни за хумано и достоинствено постапување со старите лица. При посетата НПМ тимот се водеше од Етичкиот кодекс на постапување со стари лица во кој се бара со истите да се постапува како со личности и да се почитуваат човековите права, да не се врши дискриминација, да има достапност до соодветна здрава храна, чиста вода, сместување, облека и здравствена заштита. Во рамките на овој кодекс се потенцира и користењето на соодветни видови на институционална и вонинституционална грижа. Исто така старите лица треба да бидат заштитени од било какви облици на физичко или психичко насилство, да ја знаат вистината доколку се во состојба самостојно да расудуваат и да ги изразуваат своите чувства на сопствен начин.

Националниот превентивен механизам не доби поплаки за тортура или друг вид на сурово, нехумано или понижувачко постапување. Сепак дел од корисниците, особено неподвижните лица се пожалија дека односот кон нив е некоректен, дека се спроведува групно капење, а и недоволно се одржува хигиената во овие простории. Исто како проблем се наметна недоволното загревање на просториите, како и неодржувањето на собите во приземниот дел. Иако корисниците кои се сместени во приземниот дел плаќаат помал износ, сепак не смеат да бидат дискриминирани заради нивниот социјален статус и да бидат сместени во услови со кои се загрозува нивното човечко достоинство. Истите простории потребно е да бидат варосани, уредно одржувани и со соодветна постелнина и ќебиња за покривање.

Недоволната хигиена, како и грижата кон корисниците е условена и со малиот број на персонал со кој располага домот и тоа особено со негователи/негователки, кои според стандардите треба да бидат вкупно 20, како и да има вработено машки негователи кои би се грижеле за машките корисници. Иако домот има лекар концесионер кој е матичен лекар на корисниците, сепак потребно е управата на установата да побара од истиот да го да зајакне надзорот и медицинската грижа врз неподвижните лица, како и да се спроведува домашна нега во самата установа, имајќи ги во предвид годините и ограничувањата на лицата сместени во установата.

Во установата освен стари лица се згрижуваат и други социјално ранливи групи (жртви на семејно насилство, бездомници, деца на улица и др.) од времен карактер, на барање на МВР и Центарот за социјална работа, а како резултат на немање на други вонинституционални форми на заштита на горенаведените ранливи групи.